UDK 37.014:316.774

# УЛОГАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО КЛУЧЕН ФАКТОР ЗА СЛЕДЕЊЕТО НА СОВРЕМЕНИТЕ ТРЕНДОВИ, ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И МЕДИУМИТЕ

# *THE ROLE OF EDUCATION AS A KEY FACTOR IN FOLLOWING MODERN TRENDS, GLOBAL EDUCATION AND MEDIA*

**Гордана Никчевска**[1]

***Абстракт***

*Приложениот материјал се фокусира на императивите и потребите на образованието, улогата и влијанието на медиумите како значаен фактор во образованието, со цел истото да одговори на потребите на современите општествени трендови. Според проценка на УНЕСКО во светот има околу 800 милиони аналфабети а едновремено светот станува глобално информативно општество кое преку `клик` нуди знаење. Òîèìó ïîðàäè òîà, ìåäèóìèòå øèðóì ñâåòîò èìààò êëó÷íà ôóíêöèј¼à како инструмент на разјаснување на идеи и ставови, особено телевизијата, која успеала светот да го претвори во едно глобално село, и дека истата има извонредно силно влијание и моќ за подигање на свеста и многу работи во едно мултикултурно општество може да ги третира на прогресивен, демократски, цивилизациски начин и да има прогресивен пристап, градејќи на тој начин високоразвиени демократски постапки и вредности и во рамките на тоа и развиени, квалитетни, толерантни односи меѓу луѓето.*

***Клучни зборови:*** *образование, современо општество, медиуми, глобално село.*

***Abstract***

*The given material focuses primarily on the imperatives and needs of the education system and the role and influence of the media upon education as a major factor in it by following the needs of modern social trends. According to a UNESCO survey, there are around 800 million illiterate people worldwide living in a 'a click away from general knowledge' societies. Taking this fact into consideration, the media around the world has taken on a key function of being an instrument of clarifying ideas and opinions. We place special emphasys on television which has not only succeeded in transforming the whole world into a global village, but it has also influensed people's consciousness greatly. Television treats every aspect of our multicultural society in a progressive, democratic and highly civilized manner, thus developing profoundly elaborate democratic values enclosed with mature and enduring personal relationships.*

***Key words****: education system, modern society, media, global village*

1 Проф. д-р Гордана Никчевска, насловен професор, „ Бизнис Академија Смилевски“ Скопје, Република Македонија, gordana.nikcevska@gmail.com

## Вовед

Едукацијата е процес кој непрестајно и постојано тече. Пренесувањето и усвојувањето на сознајните и воспитните компоненти се нарекуваат образование и воспитување. Образованието и воспитувањето, всушност, сочинуваат еден единствен, многу сложен процес, меѓусебно условен, без чие единство не би можел да се постигне саканиот проектиран резултат.

Една од најважните функции на воспитниот процес е пренесувањето на искуствата, знаењата, умеењата, навиките и ставовите од една на друга генерација, од една група луѓе на друга, помлада, без разлика на возраста на воспитаниците, и усвојувањето на тоа искуство од страна на оние на кои се пренесува.

Можноста за пренесување на стекнатото искуство од генерација на генерација, од еден човек на друг, им овозможува на младите да стартуваат барем од истото животно и етичко ниво во однос на нивните родители и од повисоко ниво од нивните предци. Без ваквата можност човекот во секоја генерација би бил препуштен само на сопственото искуство, а тоа значи дека постојано би морал да почнува од почеток, сè сам да осознава и да учи, да открива и да вреднува, да согледува и да застапува.

Според Блум, евалуацијата се јавува *„во комплексните процеси, во кои имаме комбинација на сите други облици на однесување – знаење, сфаќање, примена, анализа и синтеза".2* Работата на воспитувачот може да биде насочена кон дијагноза, прогноза и терапија, може да биде превентивна и куративна, директна и индиректна.

Заради општествените и производните промени, се менуваат и условите и целите во образованието. Заради тоа, во современата епоха се потребни реформи во образовниот систем, кои постојано се извршуваат, а последователно се градат нови идеи за нови промени.

## Организација на воспитно – образовниот процес

Денес, традиционалниот начин на организација на воспитно - образовниот процес треба да биде заменет со конструктивистичкиот начин на работа. Конструктивизмот треба да се разбере како современа стратегија во образовната технологија. Филозофијата и стратегијата на конструктивизмот се засновуваат врз сознанието дека најдобро се учи тогаш кога личноста е способна да го изгради своето сопствено знаење. Конструктивизмот го избегнува пасивниот однос на предавањето, тој е теорија за учење преку стекнување знаења и вештини. Конструктивното учење им помага на учениците да бидат самостојни, креативни во своите размислувања, полесно да ги разберат проблемите и да се снајдат во многу ситуации, да решат непознати проблеми, да анализираат, да дебатираат, да градат нови знаења, да истражуваат - практично, тие да се главните носители на часовите. Со ваквото учење учениците не се јавуваат во улога на пасивни слушатели, кои апсорбираат знаење, туку тие активно го градат своето мислење при решавањето на проблемите. Наставникот ја има улогата да ја организира наставата и да ја поттикнува нејзината динамика, особено да ги охрабрува учениците да ги развиваат вештините и размислувањето од повисок ред, како анализа, синтеза, евалуација. Да

2 Benjamin S. Bloom: *Taksonomija ili klasifikacija obrazovnih i odgojnih ciljeva,* Jugoslovenski zavod za proučavanje školskih i prosvetnih pitanja, Beograd, 1970, str. 131.

се учи со разбирање значи *„да се усвојува логиката на движењето на објективната стварност, односно нејзината законитост“.3*

Степенот на постигањата на ученикот зависи од вложениот труд, кој е во директна врска со самодовербата на ученикот. Колку самодовербата е на повисок степен, толку ќе се зголемува желбата за работа и тоа ќе води кон повисоки *постигнувања*. Успешниот ученик има висок степен на самодоверба. Многу ученици ја губат самодовербата од најразлични причини. Најчесто тоа можат да биде заради пропустите од претходното учење или нестекнатите знаења или вештини, фактор може да биде исто така стравот, потоа возбудата од помислата дека може да се даде погрешен одоговор. Резултат од губењето на самодовербата е тоа што ученикот најчесто престанува да учи, губи концентрација, не поставува прашања, не пишува домашни работи, станува пасивен, не зема учество во активностите на часот. Тогаш тој станува фрустриран или агресивен. Се поставува прашањето што да се преземе и како да се гради самодовербата. Постојат неколку начини за тоа: да се пофалува успешниот ученик, да се наградува, да се објавуваат неговите трудови и успеси и на тој начин јасно да се стави на знаење дека високите резултати се исплатуваат, се забележуваат и дека се почитуваат. Но, наставникот никогаш не треба да ги заборави и понеуспешните ученици, оние кои се фрустрирани или агресивни, мора да го забележи и нивниот труд, секој нивни и најмал напредок, за да ги мотивира да вложат повеќе напори и труд и да постигнат резултати. Неопходно е секогаш наставникот да гради позитивна клима на успех и да очекува од сите ученици да научат и да вложи свои напори и вештина да им помогне во тоа.

Човекот суштествено живее во заедница со други луѓе. Во општеството индивидуите, сплотени во различни пошироки и потесни заедници, ги задоволуваат своите економски, социјални, духовни, морални, творечки и други потреби. Човекот е суштество со многу потенцијали и реализатор на особени културни достигања. За таа цел, базично е значењето на неговото социјализирање и на градењето на свој поглед за светот и моралот.

Социјализацијата на личноста, нејзиното интегрирање во потесни и во пошироки заедници (семејство, друштво на истомисленици, работна средина, нацијата итн.), оформувањето на одговорен и доблесен индивидуум, кој ќе дава свој придонес кон изградбата на заедницата, се основна цел на општеството, педагошка задача и животна амбиција на самата личност. Обмислувањето на овој процес е еден од најзначајните етички и филозофски проблеми.

Воспитувањето и образованието значат создавање на личност. Тоа е потфат кој човека може да го воздигне во возвишено суштество. Создавањето на знаењата кај личноста и оформувањето на карактерот на личноста е суптилен, комплексен и долготраен процес, во кој делуваат многу фактори, од кои некои имаат позитивно, а некои негативно влијание врз нејзиниот развиток. Едукацијата принципиелно е насочена кон воздигнување на хуманите чувства и вредности во личноста. Затоа едукацијата е суштествена за развитокот на личноста и се случува во сите животни и социјални средини во кои престојува личноста и врз неа делуваат разни видови духовни и општествени форми и медиуми.

3 Анатоли Дамјановски: *Ученикот во наставата,* Просветно дело, Скопје, 1989, стр. 79.

## Училиштето и наставникот

Училиштето како институција ги промовира генералните морални норми на општеството и преку наставните планови и програми организирано дејствува врз развивањето на позитивни морални особини, позитивни својства, и врз карактерот и личноста на ученикот.

Наставата е воспитно - образовен процес. Секоја наставна активност и содржина, покрај образовните имаат и свои воспитни цели. Во наставниот процес се изградува поглед на светот, но и односот на ученикот кон светот и животот. Наставникот во директна комуникација со учениците влијае врз секоја единка да се изгради во личност подобна за себе и за општеството.

За да се исполнат задачите на моралното воспитување, секоја настава мора на моралното воспитување да му обрне особено внимание. Содржината и целите на оваа програма ќе зависат од конкретните услови, насоки и задачи на секое училиште; за сите училишта заеднички можат да бидат само општите етички и педагошки ставови. Програмата на воспитувањето е ориентација за наставникот, класниот раководител, класниот и наставничкиот совет, училишниот педагог и за директорот на училиштето за остварување на воспитната функција на училиштето, која ќе се реализира низ наставата, слободните активности и културната дејност на училиштето.

Некои од животните и етичките цели кои училиштето си ги поставува за моралното воспитување на учениците се:

- Да постигнат успех во рамките на наставниот план и воспитно - образовните програми, чија цел е духовниот, моралниот, менталниот и физичкиот развој на младите;
- Да стекнат знаења, разбирања и вештини кои ќе бидат релевантни во нивниот натамошен живот и работата, во овој свет кој толку бргу се менува;
- Да го почитуваат правото на другите да имаат свои лични, религиозни и морални вредности;
- Да бидат љубопитни, да поставуваат прашања и да можат да дискутираат, за да ги развијат своите скриени потенцијали;
- Да се грижат за другите луѓе, за своето опкружување и за својата работа;
- Да се охрабруваат да бидат конструктивни членови на општеството, да знаат да ја ценат внатрешната зависност на индивидуите, групите и народите.

Основен фактор на воспитно-образовниот процес во училиштето е наставникот -воспитувач. Од неговите способности, неговиот однос кон работата, неговите заложби, од неговиот морален лик и карактер зависат речиси сите резултати во педагошката работа, па и успехот во моралното формирање на учениците кои му се доверени да ги образува и воспитува. „*Според Дистервег, без цврстина, енергија и снага на карактерот не може да се биде добар наставник, затоа што само со таа сила може да влијае врз учениците.…За училиштето наставникот е исто што и сонцето за вселената и секаде каде што назадува училиштето вината е во наставниците, а каде што напредува единствената заслуга е кај наставниците*“.[4]

4 Dr Ante Vukasović: *Moralni odgoj*, op. cit., str. 235.

Работата на наставникот мора да биде примерна, тој мора да е образец за организираност, точност и совесност.

Поттикнувањето и развивањето кај учениците добродетли како што се трудољубивост, точност, прецизност, другарство, чесност, креативност итн. се најзначајна задача на воспитувањето. Тоа се, всушност, добродетели кои се изложени на јавна поценка и оценување во училиштето. Токму во училиштето, во тоа животно доба и во таа воспитно-образовна институција, младите луѓе го пронаоѓаат своето место под сонцето, стануваат полнолетни, стануваат личности, стекнуваат најзначајни и највредни пријателства кои опстануваат најдолго во животот.

Училиштето, покрај семејството, е најзначаен фактор во образованието на младата личност. Низ систематска, врз научни достигнувања фундирана и професионално и доблесно реализирана воспитно-образовна работа, училиштето може и да ги коригира евентуалните негативни влијанија на кои е изложена младата личност во разбиени семејства или во разни друштва. Училиштето може и треба да го насочи ученикот кон правилен избор на добра заедница на врсниците, кон правилно следење и селектирање на информациите добиени преку медиумите, кон правилен избор на културните вредности во литературата, филмот и театарот итн.

## Телевизијата како масовен медиум

*„Во современиот свет… средствата на јавното информирање имаат посебно место и многу важна општествена функција“.*[5]

Појавата на телевизијата, оваква каква денес ја знаеме, имала силно влијание на севкупниот општествен развиток на човекот. Честопати во секојдневниот, обичниот говор често може да се слушне дека телевизијата е осмата сила, како аналогија на печатот за кој се употребува поимот седма сила. Поимот телевизија потекнува од старогрчкиот збор - *tele* - што значи далеку и од латинскиот збор *vizio* - што значи гледање, или гледање на далечина. Уште пред Првата светска војна на науката и бил познат феноменот на телевизијата и телевизиската техника – можноста да се пренесуваат слики по бежичен пат. На почетокот телевизијата е прифатена како атракција, како средство за забава, а значајно средство за информирање за општествено-политичките настани станува во педесеттите години на минатиот век.

Телевизијата со луѓето комуницира визуелно, телевизијата емитува звуци како радиото и прикажува текст и фотографии како весниците, но, телевизијата е нешто што не го можат ниту радиото ниту весниците – да комуницираат со луѓето преку слики што се движат. Сликата е прва и најважна компонента на современата телевизија. Звукот е втора компонента на телевизискиот јазик. Звуците на телевизијата можат да зборуваат исто толку колку и сликите. Следната компонента на телевизијата се зборовите. Во современото телевизиско новинарство зборовите се само водич за сликите и звукот со цел да им се помогне на гледачите целосно да го разберат контекстот. Новинарите треба да го пишуваат текстот онака како што ќе можат најдобро да го прочитаат за да можат гледачите подобро да го разберат телевизискиот прилог.

5 Dr Ante Vukasović: *Moralni odgoj*, op. cit., str. 239.

## Интернет како масовен медиум

Различни групи теоретичари ги лоцираат зачетоците на појавата на компјутерот, во различни периоди од развојот на човештвото. Според едни првите во древна Кина, со Абакус, првиот древен инструмент за калкулирање, други почетоците ги лоцираат во периодот кога е пронајден телеграфот, кога е совладан просторот, кога се поделени комуникациите од транспортот.

Во седумдесеттите години на минатиот век се појавуваат првите комерцијални компјутери за домашна употреба. Во почетокот на осумдесеттите следи спојување на компјутерите и телекомуникациите, па оттаму според некои автори претставува срцевина на информатичката револуција. Денес со интернетот се поврзуваат глобалните информативни и комуникациски сервиси. Користењето на содржините организирани во фајлови е можно да се одвива оддалеку и тој начин се нарекува телнет. Покрај можноста за користење податоци од далечина, нуди електронската пошта (e-mail)и користење на вести во мрежа. **Ierce** е можност за директна комуникација на двајца корисници.

Теоретичарите на современите комуникации, сметаат дека појавата на интернетот овозможува преструктуирање на односот мас-медиум - публика. Интернетот претставува компјутерска мрежа, одреден број компјутери кои на определени начини комуницираат меѓу себе и на тој начин им овозможува на корисниците да разменуваат податоци меѓусебе, без оглед на оддалеченоста и географската местоположба и создавање на еден виртуелен свет во кој се надминуваат физичките растојанија и природни бариери, а секој корисник е рамноправен во поглед на комуникацијата, со другите без оглед каде се наоѓа.

## Културни институции

Културните институции: театрите, кината, библиотеките и читалните, музеите, уметничките галерии, домовите на културата, културно-уметничките друштва, ги чуваат, негуваат и унапредуваат, популаризираат, ги шират и поттикнуваат највредните духовни творби, како од националната, така и од светската култура.

За младиот човек театарска претстава значи подлабоко запознавање на животот. Низ ликовите на протагонистите, тој ги цени нивните постапки, меѓусебните односи, и се здобива со проширување и збогатување на социјалното и моралното искуство. Со добро обмислени и избрани претстави, со планирани посети на театарот, училиштето има можност во голема мера да го потпомогне моралното обликување на своите ученици.

Филмската претстава делува исто така живо како и театрот. *„Тие живи слики во мрачниот простор, тие примери и модели сугестивно делуваат, особено на младите гледачи. Тие често се идентификуваат со филмските јунаци и со актерите, прифаќајќи ги нивните постапки и начин на однесување без многу размислување и етичко вреднување“.6*

6 Dr Ante Vukasović: *Moralni odgoj*, op. cit., str. 251.

## Заклучок

Влијанието на медиумите врз развојот на личноста на младиот човек може да биде позитивно, но и негативно. Позитивно морално дејство можат да имаат само оние содржини кои се презентирани од едно општочовечко етичко гледиште, а во согласност со начелата на вистината, правдата и почитувањето на човековото достоинство. Медиумот би требало да придонесува за ширењето на вистината, да го подига културното ниво на корисниците, да го помага ширењето и прифаќањето на вредните и општи етички ставови. Ако медиумот нема јасна физиономија, ако не е доследен во прокламираните ставови, ако пристрасно ги објавува информациите, тогаш го одбива или неправилно го насочува конзументот и така неповолно влијае врз младите и неоформени личности и врз оние луѓе кои се на пониско образовно и културно ниво.

Медиумите овозможуваат да следиме занимливости од светот: од подрачјето на науката, уметноста, техниката, репортажи, информации и критики за нови книги, театарски претстави, филмови. Сè почесто се говори за едукативната вредност на електронските медиуми, за нивното влијание врз формирањето на мислењето на луѓето. „*Негативните тенденции на средствата за јавно информирање: трката за сензации, неоправдано драматизирање, алармантно прикажување, дезинформирање, појава на вулгарно-комерцијалистичко приоѓање на вкусовите и барањата на заостанатите делови на публиката, непочитување на интегритетот и достоинството на личноста…*“[7] Сите набројани сегменти можат да придонесат за создавање на искривени слики и вредности во главите на младите луѓе.

## Користена литература

1. Андреевски, Ж. (1995): Животот со мас-медиумите, Љуботен,Скопје;
2. Agge, K.( 1998) : Introduction to Mass Comunnication, Harper and Row, New York;
3. Andovski, V. (1964): Sovremeno novinarstvo, Stvarnost, Zagreb
4. Bloom,S.B. (1970) : *Taksonomija ili klasifikacija obrazovnih i odgojnih ciljeva,* Jugoslovenski zavod za proučavanje školskih i prosvetnih pitanja, Beograd;
5. Breeht, B. (1977): Teorija radija, Saraevo;
6. Breht, B. (1978): Radio kao sredstvo komunikacije, RTV Teorija I praksa, Beograd;
7. Дамјановски, А. (1989) : *Ученикот во наставата,* Просветно дело, Скопје;
8. Gone, Z.(1998): Obrazovanje I mediji, Clio, Beograd;
9. Gunter, B. (1997): Children I Televizion, Routledge, London and New York;
10. Zgrablijc, N.(2005): Medijska pismenost I civilno drustvo,Media centar, Saraevo;
11. Vukasović, A. (1974): *Moralni odgoj*, Liber, Zagreb;
12. http://www.skole.hr
13. http://www.netakademija.tvz.hr
14. http://www.glas-koncila.hr
15. http://www.journalism.org
16. http://webreference.com/content/writing/style.html
17. http://wp.netscape.com/computing/webbuilding/studio/

7 Ibid., str. 243.